Врз основа на членот 39 став (1) и (2) од Законот за следење на комуникациите ("Службен весник на Република Македонија" број 71/18) и Одлуката за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка во Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана (број 19-952/2 од 07 февруари 2019 година), Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Македонија, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ДВАЈЦА ТЕХНИЧКИ ЕКСПЕРТИ ЗА ПОСТОЈАНА ПОДДРШКА ВО КОМИСИЈАТА ЗА НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ**

1. Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Македонија, (во натамошниот текст Комисијата) објавува Јавен повик за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка во Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите.

2. Експертите за постојана поддршка од точката 1 на оваа одлука, Комисијата ги ангажира со договор за дело за консултантски услуги, на една година, со можност за продолжување, но не подолго од мандатот на постојниот состав на Комисијата.

3. Експертите за постојана поддршка за надзорот над мерките за следење на комуникациите, од точката 1 на овој Јавен повик, треба да ги исполнуваат следните услови:
   - да е државјанин на Република Македонија,
   - да има деловна способност,
   - да е здравствено и психофизички способен,
   - во моментот на распишување на јавниот повик со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
   - да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно VII/1 степен на образование во следните области: информатика, електротехника, компијутерска техника и информатика, телекомуникационо инженерство, безбедност, компјутерска безбедност или правни науки и
   - да поседува безбедносен сертификат со соодветен степен за пристап до класифицирани информации (или да биде подготвен да помине низ процес на безбедносна проверка, со цел да добие безбедносен сертификат).

4. Заинтересираните експерти кои ги исполнуваат условите од точката 3 на овој Јавен повик, во рок од 15 дена од денот на неговото објавување,

пријавата со личната биографија и документите со кои се докажува исполнувањето на условите, во оригинал или заверена копија на нотар, треба да ги поднесат до архивата на Собранието на Република Македонија, за Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите.
Пријавата ќе биде објавена и достапна на веб страницата на Собранието на Република Македонија.

5. Јавниот повик ќе се објави во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ како и на веб страницата на Собранието на Република Македонија.

**Претседател**
на Комисија за надзор над спроведување на
мерките за следење на комуникациите
**Емил Димитриев**

Број 19-11 32/1
12 02 2019 година

С к о п ј е